Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел дневните настани 22.08.2021

На 21.08.2021 во 18.00 часот на место викано „Крушино" во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево ги лишиле од слобода Ф.С.(34) и Л.П.(37), двајцата од Скопје. При преглед во возилото „опел корса" со скопски регистарски ознаки, во кое се превезувале биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.08.2021 во 03.00 часот на ул.„Србо Томовиќ" во Куманово, врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Куманово го привеле А.С.(19) од Куманово кој се барал за издржување казна затвор. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Кшање во Куманово.

На 21.08.2021 во 16.40 часот во СВР Битола, Д.К. пријавил дека при вршење ископ на ул.16-та во Битола биле пронајдени две експлозивни направи. Полициски службеници излегле на местото, а од пиротехничар од Дирекција за заштита и спасување експлозивите направи биле безбедно подигнати и било констатирано дека се работи за неексплодирани артилериски гранати со калибар 105 мм од Првата светска војна.

На 21.08.2021 во 19.00 часот на ул.„Пелагонија" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ѓ.(20) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела по член 235 и 236 од Кривичниот законик. Кај него биле пронајдени и одземени предмети кои потекнуваат од кривично дело, кои подоцна биле вратени на сопствениците. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.08.2021 година во 11.10 часот на автопатот „Гоце Делчев", пред клучка Коњари, скопско, патничко возило „бмв" со штипски регистарски ознаки, управувано од Б.П.(24) од Штип, излетало од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката М.П.(47) од Штип, додека возачот и 17-годишна сопатничка од Штип се здобиле со телесни повреди, констатирани во Ургентен центар при комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

Во текот на вчерашниот ден (21.08.2021) Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 413 возачи. Од нив, 33 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 226 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 187 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (21.08.2021) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 180 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 80 санкции, 25 за управување возило под дејство на алкохол,16 за возење без возачка дозвола, 13 за возач почетник, две за некористење сигурносен појас, две за користење мобилен телефон, пет за нерегистрирани возила...

На 21.08.2021 во 13.20 часот во Полициската станица Карпош, Д.И.(31) од Скопје пријавил дека на улица „Козле" бил каснат од куче за кое се сомнева дека е сопственост на Ц.Ѓ. од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.08.2021 во 14.00 часот во Полициската станица Кичево, М.Б.(55) од с.Пласница пријавил дека на бул.„Ослободување" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (21.08/22.08.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 75 прекршоци.

На 21.08.2021 во 17.20 часот на регионалниот пат Струга - Охрид се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „опел" со охридски регистарски ознаки, управувано од Е.М.(22) од Струга и патничко возило „фиат" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.П.(49) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Д.П., а со телесни повреди се здобиле 16-годишна сопатничка во возилото „фиат", возачот Е.М. и сопатникот во неговото возило А.Б.(18) од с.Поум, констатирани во Медицински центар Струга. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Струга.

На 21.08.2021 во 18.30 час на автопат Тетово – Гостивар, во близина на Тумчевишка клучка, патничко возило „фолксваген голф "со италијанска национална ознака, управувано од Н.Р.(50) од с.Неготино, гостиварско, изгубило контрола и се превртело на коловозот. Во незгодата, возачот се здобил со тешки телесни повреди, а сопатникот В.А. со телесни повреди, констатирани во Медицински центар Гостивар. Увид на местото извршила екипа од ОВР Гостивар.

На 21.08.2021 во 21.00 часот на локалниот пат за с.Челопек, тетовско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген пасат"со тетовски регистарски ознаки, управувано од Н.Љ.(23) од с.Челопек и четирицикл со тетовски регистарски ознаки, управуван од М.З.(25) од с.Челопек. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил М.З:, констатирани во Клиничката болница Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

Вчеравечер (21/22.08.2021) во периодот од 22.00 од 04.00 часот била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на подрачјето на СВР Битола, при што санкционирани биле 18 возачи. Тие биле исклучени од сообраќај.

На 21.08.2021 во 19.30 часот на место викано „Крстена вода", атар на с.Белица, Македонски Брод, полициски службеници од Полициска станица Македонски Брод го лишиле од слобода С.А.(66) од Скопје, затоа што со товарно возило превезувал нелегално исечено огревно дрво и се однесувал агресивно кон Шумската полиција кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Вчеравечер (21/22.08.2021) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Охрид била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол, при што кај шест возачи било утврдено дека управувале моторно возило под дејство на алкохол и биле исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се прекршочни платни налози.

На 21.08.2021 во 22.10 часот на регионален пат Струмица - Берово, на делницата с.Дабиле - с.Петралинци, Ј.М.(30) од с.Дворište, беровско, управувајќи товарно возило „фиат дукато," со беровски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Во незгодата со телесни повреди се здобиле возачот Ј.М. и сопатникот М.М.(47) од с.Дворište, констатирани во Медицински центар Струмица, додека сопатникот С.Б.(43) од с.Дворište бил пренесен во Клиничка болница Штип за укажување на лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 21.08.2021 во 22.30 часот во СВР Струмица, М.А.(30) од Струмица пријавил дека околу 22.00 часот на ул.„Бетовенова" во Струмица бил физички нападнат од Ѓ.Н. и М.Н. од Струмица. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Н.(33) од с.Доброште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 07.07.2021, полициски службеници извршиле претрес во неговиот дом при што пронашле кокаин и дигитална вага.

На 21.08.2021 во 18.00 часот во СВР Скопје, Т.В.(31) од Скопје, пријавил дека околу 16.40 часот на крстосница од ул.„Китка" со ул.„Јустинијан Први" бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против С.Ѓ.(27) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и М.С.(24) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 23.02.2021 во Радовиш, С.Ѓ. му продал марихуана на М.С., кој на 25.02.2021, во неговото патничко возило „бмв", му овозможил на негов другар од Радовиш да ја консумира.

На 21.08.2021 во 03.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.Ц. од с.Волково, скопско, пријавил дека од дома се оддалечила неговата сопруга А.Ц.(39). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 21.08.2021 во 10.00 часот во СВР Скопје, И.Н. од Скопје пријавил дека на 20.08.2021 околу 17.15 часот две лица со закана му одзеле пари од домот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против А.Б.(35) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавениот, на 18.04.2021 во 23.50 часот, за време на забрана за движење, бил затекнат од полициски службеници на ул.„Илинденска" во Гостивар како се движи без дозвола за движење.

На 21.08.2021 во 22.30 часот во СВР Тетово, 22-годишна жителка на Тетово пријавила дека на 20.08.2021 околу 23.00 часот на ул.„Видое Смилевски Бато", М.А.(32) од Тетово, со кого порано била во љубовна врска, физички ја нападнал и ја однел во неговата куќа, од каде подоцна успеала да замине. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет